РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

Број: 02-1585/1
Датум: 20.05.2026
Скопје

Врз основа на член 57 од Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 445/19), како и во согласност со Политиката за Отворена наука на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје 2026-2030, број 02-373/13-1 донесена на 27.02.2026 година, на предлог на Научниот одбор на Факултетот , Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет- Скопје на својата 16. седница одржана на 20.5.2026 година ја донесе следната

# ПОЛИТИКА ЗА ОТВОРЕНА НАУКА
# НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ

## ПРЕДМЕТ НА ПОЛИТИКАТА

Стоматолошкиот факултет-Скопје се обврзува да ги спроведува и промовира принципите на Отворената наука во високото образование, научноистражувачката и апликативната дејност. Оваа политика претставува официјален документ кој ги дефинира целите, принципите, обврските и поддршката за отворени практики при споделување на научни резултати, податоци и знаења во рамките на факултетот. Таа е усогласена со Политиката за Отворена наука на УКИМ, но е дефинирана за потребите, структурата и капацитетите на Стоматолошкиот факултет.

Со прифаќање на оваа политика, Факултетот се стреми да овозможи поголема транспарентност, отчетност, етичност, правичност и инклузивност во создавањето и споделувањето на знаењето, како и поголема достапност, видливост, интероперабилност и одржливост на научните резултати и другите академски излези. Политиката треба да придонесе за зајакнување на репутацијата на институцијата, поттикнување на иновации, унапредување на меѓународната и меѓусекторската соработка и зголемување на општествената и економската вредност на научното знаење.

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Оваа политика има цел да поддржи повеќе цели, и од институционален аспект и од аспект на секојдневните активности во кои е вклучен кадарот на Стоматолошкиот факултет:

Стоматолошкиот факултет се обврзува:

- да обезбеди поддршка за објавување и пристап до научни публикации преку модели на отворен пристап;

- да поттикнува управување со истражувачки податоци според FAIR начелата (пронајдливост, пристапност, интероперабилност, повторна употребливост);
- да охрабрува користење на уникатни дигитални идентификатори како што се DOI и ORCID;
- да развива култура на истражувачки интегритет, научна етика и колегијална отчетност;
- да поддржува користење на институционални, национални и меѓународни инфраструктури за отворена наука и доверливи ризници;
- да го поттикнува создавањето, споделувањето и повторната употреба на отворени образовни ресурси, каде што е применливо;
- да ја охрабрува вклученоста на општествени чинители, граѓанска наука и други форми на партиципативно истражување, кога тоа е релевантно за дисциплината;
- да придонесе кон интеграција на принципите на отворената наука во истражувачките, образовните и административните процеси на Стоматолошкиот факултет, вклучувајќи обука, поддршка и внатрешно вреднување.

## ОБЛАСТИ НА ПРИМЕНА И ПОЛИТИЧКИ НАЧЕЛА

Оваа Политика за Отворена наука важи за сите образовни, научно-истражувачки и апликативни активности што се изведуваат на факултетот и ги опфаќа наставниците, соработниците, студентите, административниот кадар и сите надворешни соработници вклучени во апликативна, образовна или истражувачка активност.

Политиката се заснова на следниве начела:

- **Јавен интерес:** научните резултати финансирани со јавни средства треба да бидат што е можно поотворено достапни.
- **Правичност и еднаквост**: треба да се овозможи што поправичен пристап до научни резултати, ресурси и можности за учество во создавање знаење.
- **Отвореност и соработка:** резултатите треба да се објавуваат со што е можно поголема отвореност и транспарентност со цел да се поттикне довербата во науката, нејзината проверливост и соработката.
- **Разновидност и инклузивност:** практиките на Отворена наука треба да ги почитуваат дисциплинските разлики, разновидноста на методологии и потребата резултатите да бидат разбирливи и достапни за различни публики.
- **Интегритет и одговорност**: сите засегнати страни ќе објавуваат, споделуваат и управуваат само со валидирани, точни и одговорно подготвени резултати, во согласност со етичките и правните норми.
- **Одржливост**: Стоматолошкиот факултет ќе тежнее кон одржливи практики и инфраструктури за долгорочно чување, пронаоѓање и повторна употреба на научни резултати.

## ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ

Стоматолошкиот факултет се обврзува да именува координатор за отворена наука кој ќе биде одговорен за имплементацијата и поддршката на оваа политика и ќе го претставува Стоматолошкиот факултет во Советот на Центарот за отворена наука на УКИМ.

Стоматолошкиот факултет ќе обезбеди соодветно вклучување на библиотечните, информатичките, административните и другите стручни служби во поддршката на имплементацијата на оваа политика, особено во делот на користење на ризници, метаподатоци, идентификатори, лиценцирање, дигитална инфраструктура, обуки и советување.

Наставно-научниот кадар на Стоматолошкиот факултет се обврзува:

- да објавува публикации, податочни множества и други излези од истражувачкиот процес преку отворен пристап;
- да депонира публикации и податоци во институционалната ризница на УКИМ и други институционални или тематски ризници од интерес;
- да ги почитува етичките и правните норми при собирање, обработка и споделување на податоци;
- да користи унифицирани идентификатори за референцирање и лиценци за споделување на публикации и други истражувачки дигитални објекти од интерес;
- да користи трајни идентификатори и стандарди за метаподатоци, каде што тоа е применливо;
- да обезбеди навремено депонирање на прифатените верзии на публикации и други релевантни резултати во институционалната ризница или друга доверлива ризница;
- да води сметка за можностите за повторна употреба, машинска читливост и долгорочно чување на дигиталните истражувачки резултати.

Раководството на Стоматолошкиот факултет обезбедува поддршка за вклучување на принципите на Отворената наука во внатрешните стратегии, процесите за обезбедување квалитет, развојот на инфраструктура, професионалниот развој на кадарот и годишното институционално известување.

## ВИДОВИ НА ИСТРАЖУВАЧКИ РЕЗУЛТАТИ

Оваа политика се однесува на следните категории на резултати од образовната, истражувачката и апликативната дејност на факултетот:

- научни публикации, вклучувајќи рецензирани трудови, монографии, поглавја во книги и конференциски трудови;
- истражувачки податоци, вклучувајќи сурови и обработени податоци, метаподатоци, документација и планови за управување со податоци;
- истражувачки софтвер, код и други дигитални истражувачки објекти, каде што е релевантно;
- отворени образовни ресурси создадени во рамки на наставно-научни активности;
- други релевантни резултати, како докторски дисертации, магистерски трудови, презентации, претпечатени верзии, работни трудови и слично, кога тоа е соодветно.

## ПОДАТОЦИ, ИНФРАСТРУКТУРА И ОБУКА

Стоматолошкиот факултет самостојно или со поддршка на УКИМ ќе обезбеди поддршка за кадарот за следните активности:

- Креирање и поддршка при подготовка на планови за управување со податоци (DMP);
- Пристап до соодветна техничка и дигитална инфраструктура за чување, опис, депонирање и објава на публикации, податоци, софтвер и други дигитални резултати;
- Поддршка за користење на институционалната ризница на УКИМ и други доверливи институционални, дисциплински или меѓународни ризници;
- Поддршка за користење на стандарди за метаподатоци, отворени формати, трајни идентификатори и практики што обезбедуваат интероперабилност и долгорочно чување;
- Обуки и ресурси за кадарот и студентите за практична имплементација на принципите на отворена наука, FAIR податоците, лиценцирање, отворен пристап и користење на репозиториуми.

## ПРИСТАП, ДЕПОНИРАЊЕ И ЛИЦЕНЦИРАЊЕ

Стоматолошкиот факултет ги охрабрува и поддржува отворениот пристап и навременото депонирање на резултатите од истражувањата во институционалната ризница на УКИМ или во други доверливи ризници, во согласност со дисциплинските практики и важечките правни правила.

Прифатените верзии на научните публикации треба да се депонираат што е можно побрзо по прифаќањето или објавувањето, а по можност не подоцна од шест месеци, освен кога важат поинакви правила или ограничувања.

Се препорачува користење на отворени лиценци, како CC BY за публикации и образовни ресурси, лиценци одобрени од Open Source Initiative за софтвер и CC0 или CC BY за податоци, кога тоа е правно и етички возможно.

За резултатите што се депонираат се препорачува користење на трајни идентификатори, како DOI, ORCID и други релевантни PID решенија.

## ИСКЛУЧОЦИ И ОГРАНИЧУВАЊА

Стоматолошкиот факултет определува дека во одредени случаи не е можно или не е соодветно веднаш да се обезбеди целосно отворен пристап до одделни резултати, податоци или други материјали.

Такви случаи може да вклучуваат:

- правни ограничувања, вклучувајќи авторски права и интелектуална сопственост;
- заштита на приватност, лични податоци, доверливост или чувствителни информации;
- договорни, безбедносни или комерцијални обврски кон трети страни.

Во такви случаи може да се применат соодветни мерки, како ембарго периоди, ограничен пристап, контролирано споделување, анонимизација или депонирање само на метаподатоци, во согласност со важечките закони и институционални процедури.

Кога е потребно, Стоматолошкиот факултет ќе побара поддршка и советување од Центарот за отворена наука и од надлежните правни и стручни служби.

## ОБУКА И ИНТЕГРАЦИЈА ВО ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ ПРОЦЕСИ

Стоматолошкиот факултет ќе ја поддржува интеграцијата на компетенциите и практиките на Отворената наука во постојните форми на професионален развој, докторски студии, истражувачка методологија и поддршка на проектни активности.

Во таа насока, Стоматолошкиот факултет ќе настојува:

- да соработува со Центарот за Отворена наука при организирање обуки, работилници, советувања и ресурси;
- да ги информира истражувачите, студентите и поддржувачкиот кадар за добрите практики за отворен пристап, FAIR податоци, лиценцирање и репозиториуми;
- каде што е соодветно, да вградува елементи на Отворената наука во наставни содржини, докторски студии, постапки за подготовка на проекти и истражувачки работни текови.

## СЛЕДЕЊЕ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Имплементацијата на политиката ќе биде предмет на редовна анализа од страна на Продеканот за наука и Координаторот за отворена наука на факултетот. Во рамките на годишниот извештај за работата на факултетот, Деканот ќе известува и за активностите, индикаторите и резултатите поврзани со отворената наука, како што се бројот на трудови во отворен пристап, депонирани публикации, FAIR-податоци, софтвер, OER, обуки и други релевантни показатели, со препораки за подобрување. Каде што е соодветно и согласно внатрешните акти, придонесите во областа на отворената наука може да се земаат предвид и во постапките за внатрешно вреднување, професионален развој и институционално известување.

## СТАПУВАЊЕ НА СИЛА

Оваа Политика стапува на сила со денот на нејзиното усвојување и се применува како рамка за сите идни активности поврзани со отворена наука на Стоматолошкиот факултет. Таа е достапна на веб-страницата на Стоматолошкиот факултет и се ревидира минимум на секои пет години.

**Декан**

Проф.д-р. Соња Апостолска